**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Кеј Димитар Влахов б.б., 1 000 Скопје, тел. 02/3298-288, факс 02/3219-881**

**А.бр. 03-881/1**
**Скопје, 16.12.2022 година**

Согласно чл. 111 и чл. 112 од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја ( Сл. весник на РСМ бр.77 /21 ) и чл.3 од Правилникот за предлагање , размена и упатување на јавен обвинител во институции , агенции , тела или канцеларии на Европската унија или други меѓународни организации , институции , тела , мисии и проекти и врз основа на Договорот за соработка на Република Северна Македонија со ЕВРОПРАВДА , Јавното обвинителство на Република Северна Македонија , објавува

## ВНАТРЕШЕН ОГЛАС

### За пријавување на кандидати за Јавен обвинител за врски од Република Северна Македонија во ЕВРОПРАВДА

1. Со цел обезбедување на ефективна и брза меѓународна соработка во случаите на откривање , истражување или гонење на кривични дела за кои е надлежна ЕВРОПРАВДА , за помош во кривичен случај за кој има барање за меѓународна соработка , а со кој е засегната една или повеќе држави членки на Европската Унија , Република Северна Македонија соработката со ЕВРОПРАВДА ја остварува врз основа на Договорот за соработка меѓу Република Македонија и ЕВРОПРАВДА преку Јавен обвинител за врски од Република Северна Македонија и лица за контакт со ЕВРОПРАВДА .

2.Јавниот обвинител за врска од Република Северна Македонија во ЕВРОПРАВДА на предлог на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија го именува Министерот за правда .

3.Јавниот обвинител за врска од Република Северна Македонија во ЕВРОПРАВДА е јавен обвинител согласно со законодавството на Република Северна Македонија , кој за време на извршувањето на должноста има статус согласно Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година .

4. Јавниот обвинител на Република Северна Македонија при предлогот за именување на Јавен обвинител за врски ќе ги има предвид следните критериуми :

-обвинителски стаж ;
-работно искуство ;
-резултатот од оценувањето ;
-познавањето на странски јазик ;
-завршени постдипломски студии, стручна специјализација или посетувани обуки од соодветната област во државата и во странство ;
-претходно искуство на јавниот обвинител во работа со меѓународни организации , институции , тела , мисии и проекти .

5. Мандатот на Јавниот обвинител за врски трае 4- четири години .

6. Начинот на соработката помеѓу Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и ЕВРОПРАВДА го пропишува Министерот за правда .

7. Изборот од редот на кандидатите кои ќе се пријават на внатрешниот оглас ќе го изврши Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и избраниот кандидат ќе го предложи на Министерот за правда .

8. Внатрешниот оглас за пријавување на кандидатите **трае десет дена од денот на објавувањето .**

9. Заради транспарентност одлуката за предлагање на јавен обвинител за врски се објавува на интернет страницата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија .

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Љубомир Јовески**